Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) и членот 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на ден 22.03.2016 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси

**Член 1**

(1) Во Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/10 и 141/13), во членот 2, во ставот (2) зборовите: „Формата и содржината на извештајот го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување" се бришат.

(2) Во ставот (3), зборовите: „писмено и" се бришат. После зборот: „електронски" се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(3) Во ставот (3), во алинеја 4, зборовите: „31 март" се заменуваат со зборовите „31 јануари".

**Член 2**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на кварталните извештаи за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/6**
**22.03.2016 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти,**
**Климе Попоски**

Образложение

Во измената е опфатено ослободувањето од обврската на друштвата да го доставува извештајот во хартиена форма.

Исто така, променет е датумот на доставување на извештајот за четвртото тромесечје, а согласно член 104 став (2) од Законот за супервизија на осигурување, кој предвидува доставување на извештајот во рок од триесет дена од завршувањето на секој квартал.